животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

Препис на поблиските услови од Просторниот План на Република Македонија 2002-2020 за изработка на Инфраструктурен проект за изградба на Парк на ветерни електрани и пристапен пат во КО Стојаково и КО Богданци, Општина Богданци.

Површината на планскиот опфат зафаќа површина од 28 ха и истиот ќе биде со намена Е2 –комунална супраструктура/ветерни електрани-градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 1MW.

Енергетска и комуникациска инфраструктура

- Зголемувањето на увозот на електричната енергија во последниве години ја потенцира важноста на изградбата на нови извори. Проектот за инфраструктура за изградба на Парк на ветерни електрани во КО Стојаково и КО Богданци, Општина Богданци ќе даде придонес во зголемување на учеството на обновливите извори на енергија.

Економски основи на просторниот развој

Развојот на инфраструктурните системи представува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и локација на одредени производни и услужни дејности. Реализација на пристапниот пат за потребите на Паркот на ветерни електрани во КО Стојаково и КО Богданци, Општина Богданци, ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за извршување на производните и услужни активности на ова подрачје, а со тоа и потикнување на локалниот економски развој.

Заштита на земјоделско земјиште

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план на Република Македонија е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформација на земјиштето за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Заштита од животната средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Проектот за инфраструктура за изградба на Парк на ветерни електрани и пристапен пат во КО Стојаково и КО Богданци, Општина Богданци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитата на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терн со вегетација и оградување на нагибите.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Да се обезбеди организирано управување со отпад со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Да се обезбеди заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиеталните, естетските и рекреативните потенцијали во просторот.

МИНИСТЕР
Nurhan Izairi

Изработил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ



ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 28.90ха

РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

ЛОКАЛЕН ПАТ НА КОЈ СЕ ПОВРЗУВА НОВОПЛАНИРАНИОТ ПАТ

НАСЕЛЕНО МЕСТО БОГДАНЦИ

НАСЕЛЕНО МЕСТО с.СТОЈАКОВО



ФАЗА У

BILP URBAN

ЛИЦЕНЦА БР. 0090

ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ И СООБРАЌАЈНО ПОВРЗУВАЊЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ЦРТЕЖ

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ЛИСТ БР. 2

ТЕХ.БР. 0801-598/21

М 1:25000

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ д.и.а. бр. ов.0.0070
ДУШКО КУЗМАНОВ м.и.а. бр. ов.0.0638
ЛИМБА МИНОВА м.и.а.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

11.2021

ИНВЕСТИТОР: ПВЕ ЕУРОИНГ ДОО ГЕВГЕЛИЈА

ОПШТИНА БОГДАНЦИ



ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА.
ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ГРАНИЦА НА ПРОСТЕН ОПФАТ 28 Ha
ГРАНИЦА НА ПРОСТЕН ОПФАТ НА ПРЕДХОДНО ОДОБРЕНИ

URBAN
АРХИВКА БР. 0000

ЕКАМЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ
ТЕХ. БР. 0901-0980/21 — М 1:2500

3

ГОДИНА
2021

ПРОЕКТИРАЧ:
БОЈАН МУРАНКОВСКИ д.о.о. бр. 04-0.0070
ЕЛЕКТРОНСКИ ИНЖЕНЕРИНГ д.о.о. бр. 04-0.0608
ЛИЛИЈА МИЛОСКА м.а.е.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУРАНКОВСКИ

11.2021

ИНВЕСТИТОР: ПВЕ ЕВРОПИ ДОО ТЕТОВА

ОПШТИНА БОГДАНЦИ



ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - 28.95ха

URBAN
АРХИТЕКТИ ДОО
АРХИВСКИ БР. 0500

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

4

ТЕХ.БР. 0801-038/21 М 1:2500

ИЗРАБОТИЛ:
БОЈАН МУЛИКОВСКИ д.и.а. бр. на л.0.0070
ДУШКО КУЗМАНОВ м.и.а. бр. на л.0.0608
ЛИЉА МИЛКОВА м.и.а.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИКОВСКИ 02.2022

ИНВЕСТИТОР: ПВЕ ЕУРОЕНЕ ДООЕЛ ЕВЕЛАНИ

ОПШТИНА БОГДАНЦИ



ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА.

ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - 28.95ха
ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ

КАТЕГОРИ НА ЗЕМЈАТА:

- Н3 НЕКУЛТИВИРАНО ЗЕМЈАНИТЕ
- ИСКОПИ ПАТ
- ЗЕМЈИН ПАТ

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ПВЦ 100 ПОСТОЕЧКА ПОДЗЕМНА ЕЛЕКТРОНСКА КАБЕЛСКА ИНФОРМАЦИОНА ДОДЕЛУВАЊЕ ПО ПАТ
- ВОДОВОД ПОСТОЕЧКИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
МОЗАИК НА ПОЗЕМЈУВАЊЕ		ОПФАТ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНИ	КАТАСТАР
КАТЕГОРИЈА	КАТАСТАР	ПОВРШИНА ВО ha	%
Н3 - Земјоделско земјиште	КО	27904m2	96.5%
Пат (асфалтирани/земјени)	-	1005m2	3.5%
Вкупно:		**28909m2**	**100.0%**

УРБАН БР. 1020

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ЗЕМЈИШЕН ПОКРИВАЧ
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ
ТЕХ. БР.-0601-098/21

5

М 1:2500

ГОНАЕВО:
БОЈАН МУЛИКОВСКИ д.и.а. бр. на л.0.0070
ЕЛЕНА ЈАНКОВСКА д.и.а. бр. на л.0.0008
ЛИЛИЈА МИЛКОВА м.и.а.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИКОВСКИ 02.2022

ИНВЕСТИТОР: ПВЕ ЕУРОЕНЕ ДОО ГЕВГЕЛИЈА

ОПШТИНА БОГДАНЦИ

3 ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
Текстуален дел

4.1 Вид на планот, назив на подрачјето на проектниот опфат

Со планската документација се изработува **Измена и дополна на претходно одобрен Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци**.

Причина за изработка на измена и дополна на претходно одобрениот проект за инфраструктура е поради промена на опремата која ќе се инсталира и измена на патот за пристап до истите. Исто така се намалува бројот на ветерни столбови од 9 на 5 ветерни турбини, по што се менува и нумерацијата по редоследен број.

Исто така со промената на опремата, се менуваат и димензиите на турбините, односно дијаметарот на перките и висината на ветерните столбови.

Трасата на пристапниот пат помеѓу ветерните електрани во најголем дел е задржана истата, најголеми промени има во радиусите на хоризонталните кривини, некои од директните простапи до ветерните столбови, како и проширувања за разминување на камиони при изведбата на истите.

Од претходно усвоениот проект за инфраструктура се иззоставуваат трафостаницата и далеководот, а истите ќе бидат опфатени со изработка на урбанистички проект од прва категорија.

Проектот за инфраструктура е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.Весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 142/17 и 86/18).

4.2 Опис и образложение на проектниот концепт за просторен развој и хармонизацијата на просторот

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој **Измена и дополна на претходно одобрен Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци**, покрај смерниците од ИПП, создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација се и проектната програма, постојната состојба и увидот на лице место.

Причина за изработка на измена и дополна на претходно одобрениот проект за инфраструктура е поради промена на опремата која ќе се инсталира и измена на патот за пристап до истите. Исто така се намалува бројот на ветерни столбови од 9 на 5 ветерни турбини, по што се менува и нумерацијата по редоследен број.

Исто така со промената на опремата, се менуваат и димензиите на турбините, односно дијаметарот на перките и висината на ветерните столбови.

Трасата на пристапниот пат помеѓу ветерните електрани во најголем дел е задржана истата, најголеми промени има во радиусите на хоризонталните кривини, некои од директните простапи до ветерните столбови, како и проширувања за разминување на камиони при изведбата на истите.

Од претходно усвоениот проект за инфраструктура се иззоставуваат трафостаницата и далеководот, а истите ќе бидат опфатени со изработка на урбанистички проект од прва категорија.

Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт и истиот е условен од мерките за спасување и заштита.

Ветровата енергија е моќен извор на обновлива енергија. Оваа енергија лесно се акумулира и не предизвикува загадување на животната средина, што ја прави многу поволен извор за добивање на топлинска енергија или електрична енергија.

Благодарејќи на долгиот животен век и едноставната градба ветерните електрани систем е погоден за поставување на локалитети каде може да се поврзе со постоечката електроенергетска мрежа како нејзино надополнување.

Со овој проект за инфраструктура се опфатени локациите за пет ветерни електрани и пристапниот пат до нив.

Поврзувањето на елетраните со електропреносната мрежа на Р.Македонија како и меѓусебното поврзување со трафостаница и далекувод ќе биде опфатено со втор проект (Урбанистички проект за инфраструктура).

4.3 Опис и образложение на проектни решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште, сообраќајната и комуналната инфраструктура

На предметниот простор се предвидуваат пет локации за изградба на ветерни електрани. Просторот околу ветерниот столб претставува рамно плато кое служи за конструкција на самите електрани и во понатамошната експлоатација за пристап до истите.

Висината за сите столбови е дефинирана согласно техничките карактеристики и димензии на одбраната опрема за инсталација, како и условите дадени од повеќето институсции. Висината на една ветерна турбина изнесува 200м.

До платоата и до самите ветерници се предвидува изградба на пристапен пат, со профил од 6,0м (2 х 3,0м) до 23,1м-широчина, кој ќе се користи за изградба на ветерниците и за нивно одржување.

Во заштитното зеленило е планирано поставување на кабелски вод за поврзување на ветерните столбови со идната трафостаница во служба на ветерниот парк, која ќе биде опфатена со изработка на друг урбанистички проект. Јачината на кабелскиот вод е под 35кВ, односно истиот е втора категорија и како таков може да се планира со овој проект за инфраструктура.

Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класи на намени:

Е – инфраструктура

Е1 – комунална инфраструктура (пристапен пат)

Е2 – комунална супраструктура (ветерни електрани)

Д – зеленило и рекреација

Д2 – заштитно зеленило (појас на патот)

Во графичкиот прилог показатели и нумеричките се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:

Е1 – комунална инфраструктура /пристапен пат/

Е2 - комунална супраструктура /ветерни електрани/

Д2 – заштитно зеленило /појас на патот/

1. Е- *Инфраструктура*.....18,34ха

Во рамките на проектниот опфат–63,45% од просторот е ангажиран за инфраструктура со основна класа на намена:

- Е1 – комунална инфраструктура /пристапен пат/
- Е2 – комунална супраструктура /ветерни електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори/

2. Д- Зеленило и рекреација.....10,57ха

Во рамките на проектниот опфат–36,6% од просторот е ангажиран за инфраструктура со основна класа на намена:

- Д2 – заштитно зеленило

4.3.1 Сообраќаен план

Планираната улична мрежа е за **Измена и дополна на претходно одобрен Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци**, е поставена врз основа на:

• Постојната состојба и во согласност со Просторниот план на РМ

Мрежата на патишта со "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Република Македонија релевантен за предметниот простор е:

- Е-75 кој се поклопува со магистралниот пат М-1: (СР – Табановце - Куманово – Велес – Богородица - ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север - југ.

Автопатската и магистрална патна мрежа во РМ релевантна за предметниот простор е:

- М-1 (СР – Табановце – Куманово – Велес – Богородица - ГР).

Во рамки на проектниот опфат и неговата близина има повеќе шумски/полски некатегоризирани патишта кои се инвентаризирани во графичкиот дел. Опфатот во најголем дел е поставен врз основа на истите и како такви ќе послужат во идната изградба на пристапниот пат.

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл1в. на РМ, бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Во локалитетот кој е предмет на изработка на **Измена и дополна на претходно одобрен Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци** предвиден е пристапен пат следнот профил:

-коловоз.....2Х3,00м'=6,00м'
-проширувања 2,6м' до 17,1м
-вкупно.....6,00-23,1м'

ПРОФИЛ НА ПРИСТАПЕН ПАТ



Профил А-А

ПРОФИЛ НА ПРИСТАПЕН ПАТ СО ПРОШИРУВАЊЕ ЗА РАЗМИНУВАЊЕ



Профил Б-Б

ПРОФИЛ НА ПРИСТАПЕН ПАТ СО ПРОШИРУВАЊЕ
ПРИ СВРТУВАЊЕ СО ОПРЕМА ЗА ВЕТЕРНИ ТУРБИНИ



Профил В-В

Вкупна површина на проектниот опфат изнесува 28,91ха од која 7,31ха (73098м^2) е под сообраќајни површини или 25,3%.

Стационарниот сообраќај се решава согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 142/17 и 86/18).

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Сите сообраќајници со своите радиуси, ширини на коловозот и тротоар, се прикажани во графички прилог за сообраќајно решение.

4.3.2 Комунална инфраструктура

За комуналната инфраструктура, водовод, фекална и атмосферска канализација евидентирано е следното:

- За ваков тип на објекти не се предвидува никаква инсталација на водовод и канализација.
- Вода во тек на работа на системот не се користи. Нема појава на цврст отпад.
- За прифаќање и одвод на атмосферските отпадни води нема да се изведува посебна атмосферска канализациона мрежа и површинските води се сливаат по природен пат.

4.4 Општи и посебни услови за изградба

4.4.1 Општи услови за изградба

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на проектниот опфат и служат за спроведување на Проект за инфраструктура.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејности само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на Измена и дополна на претходно одобрен Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци.
2. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на проектниот опфат, а посебните услови се однесуваат на површините за градба.
3. Градежната линија ја одредува максималната површина за изградба на објектот. Градежната линија представува пресек на вертикалната рамнина од најистурениот дел на планираниот објект со рамнината на теренот освен стреата.
4. Сите нумерички податоци во графичките прилози се ориентациони (графички очитани).
5. Максималната висина за изградба е дефинирана од нултата кота која е дадена за секој столб посебно.
6. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба, прикажани се сите површини за градба дефинирани со:

- број на површина за градење;
- површина за градење (м^2);
- намена на земјиштето и градбите;
- мах. висина на градбата (м’);

Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 142/17 и 86/18).

7. Со планот се одредени следните услови:

- облик и големина на површина за градба (м^2);
- градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
- површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м^2);
- процент на изграденост (%);
- коефициент на искористеност (к);

- намена на објектот;
- мах.висина на објектот од нулта кота на секој столб посебно-мах.висина

8. Теренот ќе биде профилиран на начин со кој ќе се обезбедува истек на атмосферската вода кон пониската страна и целиот ќе биде посипан со кршен камен.

9. Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на ветерните електрани, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

10. Од аспект на одржив степен на сеизмичка заштита да при изградба на ветерни електрани се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето.

11. Одредби од Агенција за Цивилно Воздухопловство:

Ветерниците да се обележат како препреки во воздухопловството на следниот начин:

- За воочување во дневни услови:
  - Боење на перките, куќиштето на роторот и најмалку горните2/3 од столбот на ветерницата во бела боја со ретрофлективни карактеристики.
  - Боење на краевите на перките во 2 црвени полиња со по 6м должина на растојание од по 6м (вкупно 18м) исто така со бои кои имаат ретрофлективни карактеристики.
  - Поставување на 1 светло со среден интенцитет на врвот од столбот (nacelle), кое емитира бела трепкачка боја (40 трепкања во минута), тип А, со ефективен интензитет од 20.000 кандели, видливо од сите страни.
- За воочување во ноќни услови и во услови на намалена видливост:
  - Поставување на 1 светло со среден интенцитет на врвот од столбот (nacelle), кое емитира бела трепкачка боја (40 трепкања во минута), тип Б, со ефективен интензитет од 2.000 кандели, видливо од сите страни.
  - Поставување на 3 светла на средината од столбот (распоредени под 120 степени), тип Б, со низок интензитет, кои емитираат постојна црвена боја со ефективен интезитет од 32 кандели, видливи од сите страни
- Трепкања на сите светла на сите ветерници да се симултани, односно едновремени.
- За сите светла да се обезбеди стабилен извор на напојување (двостран напон, агрегат, УПС, соларни ќелии или сл.)

12. Услови од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор Води, пред издавање на одобрение за градба задолжително да се побара водостопанска согласност, доколку е во колизија со долунаведените услови:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на законот, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци;
- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;
- Изведувањето на објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;

- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанци;
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:
  - Да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојниот решим на водите и да се предизвика ерозија или да се оневозможи користење на водите.
  - Да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за животна средина – Сектор Води.
  - Да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение.
  - Да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10м од внатрешната и 10м од надворешната страна на ножицата на насипот.
  - За постоечките канали потребно е слободен пристап од 5м лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот.оставаат Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации секоја за своето подрачје.;

13. Доколку во текот на градбата се наиде на НУС должни сте да ја известите Дирекцијата за заштита и спасување на подрачното одделение Гевгелија која ќе ги извести пиротехничарите при ДЗС за правилно изземање на истите.

14. Согласно Министерство за Внатрешни Работи – Сектор за Телекомуникации, доколку во текот на изведбените работи се појаваат телекомуникациски инсталации, задолжително да бидат известени.

При примена на проектните решенија на **Измена и дополна на претходно одобрен Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци** за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 142/17 и 86/18).

4.4.2 Текстуални одредби од изводот од план од повисоко ниво – услови за планирање на просторот

Предметната локација каде се поставува **Измена и дополна на претходно одобрен Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци**, е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија. Според Просторниот план на Р. Македонија се изработени услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура. Условите за планирање на просторот, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози, или прилози кои ги прикажуваат решенијата на планот.

ИПП треба да ги претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот проектен документ, обработении во просторниот план на Р.Македонија.

<u>Препис на поблиските услови од Просторниот план на Република Македонија</u>

Енергетска и комуникациска инфраструктура

- Зголемувањето на увозот на електричната енергија во последниве години ја потенцира важноста на изградбата на нови извори. Проектот за инфраструктура за изградба на Парк на ветерни електрани во КО Стојаково и КО Богданци, Општина Богданци ќе даде придонес во зголемување на учеството на обновливите извори на енергија.

Економски основи на просторниот развој

- Развојот на инфраструктурните системи представува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и локација на одредени производни и услужни дејности. Реализација на пристапниот пат за потребите на Проектот за ветерни електрани во КО Стојаково и КО Богданци, Општина Богданци, ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за извршување на производните и услужни активности на ова подрачје, а со тоа и потикнување на локалниот економски развој.

Заштита на земјоделско земјиште

- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план на Република Македонија е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформација на земјиштето за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Заштита од животната средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Измена и дополна на претходно одобрен Проектот за инфраструктура за изградба на Парк на ветерни електрани во КО Стојаково и КО Богданци, Општина Богданци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитата на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;

- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство;

- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терн со вегетација и оградување на нагибите;

- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;

- Да се обезбеди организирано управување со отпад со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;

- Да се обезбеди заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиеталните, естетските и рекреативните потенцијали во просторот;

Како подлога за изработка на овој проект за инфраструктура секако претставува и претходно одобрениот **Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци** со бр.11-139/12 од 26.12.2017 година.

4.5 Посебни услови за изградба

Проектниот опфат за **Измена и дополна на претходно одобрен Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци** е составен од вкупно 6 површини за градба со намена:

Е – Инфраструктура

Е1 – комунална инфраструктура (пристапен пат)

Е2 – комунална супраструктура (ветерни електрани)

Како и заштитно зеленило покрај пат:
Д – Зеленило и рекреација
Д2 – заштитно зеленило

- **Е1 – Комунална инфраструктура**

Површина за градба: ПАТ
Намена: Е1 - Комунална инфраструктура
Објект: Пристапен пат
Профил: 6,0м до 23,1м

- **Е2 – Комунална супраструктура**

Површина за градба: 1.В1
Намена: Е2 – комунална супраструктура
Објект: Ветерна турбина 1
Висина: 200,00м

Поврина за градба: 1.В2
Намена: Е2 – комунална супраструктура
Објект: Ветерна турбина 2
Висина: 200,00м

Површина за градба: 1.В3
Намена: Е2 – комунална супраструктура
Објект: Ветерна турбина 3
Висина: 200,00м

Површина за градба: 1.В4
Намена: Е2 – комунална супраструктура
Објект: Ветерна турбина4
Висина: 200,00м

Површина за градба: 1.В5
Намена: Е2 – комунална супраструктура
Објект: Ветерна турбина 5
Висина: 200,00м

- **Д2 – Заштитно зеленило**

Намена: Д2 – заштитно зеленило
Објект: Заштитено зеленило на пат

Доколку при изведување на земјаните работи, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

4.6 Нумерички показатели

Нумеричките показатели за водовите и градбите на сите инфраструктури:

нумерација на површина за градба	намена		max висина	Катност	P(m2) површина на намени	P(m2) површина за градба	бруто P (m2) развиена површина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
1.B1	E2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 1	200,0m	-	23205m2	8013m2	8013m2	-	-
1.B2	E2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 2	200,0m	-	17793m2	9829m2	9829m2	-	-
1.B3	E2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 3	200,0m	-	24311m2	9583m2	9583m2	-	-
1.B4	E2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 4	200,0m	-	22192m2	7023m2	7023m2	-	-
1.B5	E2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 5	200,0m	-	22799m2	7092m2	7092m2	-	-
-	E1	ПАТ	-	-	73098m2	73098m2	73098m2	-	-
-	Д2	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	-	-	105657m2	-	-	-	-
ВКУПНО:					**289054m2**	**114638m2**	**114638m2**	**40%**	**0,40**

ПОВРШИНА	**289054**	**параметри**
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)		**114638 м2**
E1 - ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (m2)		**73098 м2**
E2 - ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (m2)		**41540 м2**
Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО (м2)		**105657 м2**
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ		**40%**
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ		**0,40**

4.7 Билансни показатели

Споредбени билансни показатели

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ			
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
НАМЕНА НА ПОВРШИНИ		површина на плански опфат	процент
НАМЕНА	ШИФРА	m2	%
Н3 - Неизградено земјиште	Н3	279048m2	96,5%
Пат (асфалтиран/земјен)	-	10006m2	3,5%
Вкупно:		**289054m2**	**100,0%**

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА			
НАМЕНА НА ПОВРШИНИ		површина на плански опфат	процент
НАМЕНА	ШИФРА	m2	%
E1-Комунална инфраструктура (Пат)	E1	73098m2	25,3%
E2-Комунална супраструктура	E2	110299m2	38,2%
Д2-Заштитно зеленило	Д2	105657m2	36,6%
Вкупно:		**289054m2**	**100,0%**

4.8 Мерки за заштита и спасување

Врз основа на Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.93/15, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) за **Измена и дополна на претходно одобрен Проект за инфраструктура за изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, Општина Богданци**, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и асанација на теренот.

Засолнување

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување, засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единицата на локалната самоуправа Кочани за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата (Сл. Весник на РМ бр. 80/05).

Организација и спроведувањето на засолнувањето е определено со Уредбата за спроведување на засолнувањето (Сл. Весник на РМ бр. 93/05).

Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, односно градот Скопје, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва.

На инвеститорите на објекти за кои во Законот со заштита и спасување е утврдена обвска за изградба на засолништа, надлежниот орган на општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, им го определува потребниот број на засолнишни места, што инвеститорот треба да ги изгради во објектот што го гради или надвор од него, според условите за градење, а врз основа на Мислењето од Дирекцијата за заштита и спасување кое е составен на проектната документација.

Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Потребно е да се врши преглед на цевководот кој може да биде причина за предизвикување на поплава, како проценка по мерките за заштита и спасување.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Објектот на машинската зграда е лоциран така да е пристапен за пожарните возила од северната и источната страна, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), Законот за пожарникарство (Сл.весник на Р.М. бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) како и Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.весник на Р.М. бр.32/11). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

Во однос на заштитата од пожари во наведената документација да се реши и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата

од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важеките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Поради ова при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Заштита и спасување од урнатини

При планирањето е водено сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптмално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- при рушење објектот ја зафаќа Н/2 од површината околу себе, односно рушевините се во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот проектен опфат се наоѓа во зона на граница од 9 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти. Новите објекти да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на појава на пожар или експлозија, и заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите или последици од пожар и експлозии.

Евакуација

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување, со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано пресметување на населението, материјалните и културните добра на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природни непогоди и други несреќи.

Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено огласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згриживањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

На просторот од парцелата постои можност од згрижување на загрозеното и настраданото население со оглед на нејзината намена.

Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќаат мерки и средсства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје, превземање на мерки за заштита и одсгранување на последиците од нив.

Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа превземање на хигиено-епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
4.2. Графички дел

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА. ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ПРОГРАМ ЗА ЕДНОСТАВНИ ИНВЕСТИЦИИ

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТ: ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ПРЕДМЕТ НА ИЗМЕНА: ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ТЕХ.БР. 0901-036/21

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ: ПЛАНСКИ ПРИКАЗ

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТОН ОПФАТ - 28 Ha

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТОН ОПФАТ НА ПРЕДХОДНО ОДОБРЕН ПЛАН

ГРАНИЦА НА НАМЕНА

НАМЕНА НА ЗЕМЈАТА

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ПРИСТАПЕН ПАТ)

Е2 - КОМУНАЛНА СУПЕРСТРУКТУРА (ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ)

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА			
НАМЕНА НА ПОВРШИНИ		ПОВРШИНА НА ПОДЕКОЛ ОПФАТ	УЧЕСТАЛОСТ
НАЗИВ	ОЗНАКА	ha	%
Е1 Комунална инфраструктура (Пат)	Е1	7.9399ha2	21.3%
Е2 Комунална супраструктура	Е2	11.0229ha2	29.2%
Д2 Заштитно зеленило	Д2	10565.5m2	38.6%
Вкупно:		**28905ha2**	**100.0%**

АРХИТЕКТА БР. 0200

ПЛАН НА НАМЕНА
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ТЕХ.БР. 0901-036/21

M 1:2500

1

ГОДИНА: 2022

ПРОЕКТАНТ:
БОЈАН МУРАТКОВСКИ д.о.о. бр. на 0.0070
ЛИЛИЈА МИРОСЕВА д.о.о. бр. на 0.0008
ЛИЛИЈА МИРОСЕВА м.а.е.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУРАТКОВСКИ

02.2022

ИНВЕСТИТОР: ПВЕ ЕУРОПИ ДООЕЛ ВЕЛЕСКИ

ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 28.90ha
- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА ПРЕДХОДНО ОДОБРЕН ПР
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА/ПАРЦЕЛА НА СОБОРАЌАЊЕ
- 1.81 НАМЕНСКА НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА
- ВИСИНА НА ОБЈЕКТИ
- ОДВОЈУВАЊЕ ЗА ГРАДБА СПОРЕДНИ ОДО ГРАД, ЗИМЈА
- 283.50 ВИСИНСКА КОТА НА ТЕРЕНОТ И ОДДЕЛ КЈМЕЌЕ
- НАМЕНА НА ЗЕМЈАШТЕ
- Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ПАТИШТА)
- Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ)
- Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
- Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- ПАТ
- P ТОЧНА ПОЗИЦИЈА НА ВЕТЕРЕН СТОЛБ

ПОВРШИНА	289054	параметри
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)		**114638 m2**
Е1 - ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (m2)		**73098 m2**
Е2 - ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (m2)		**41540 m2**
Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО (м2)		**105657 m2**
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ		**40%**
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ		**0.40**

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

намена на површини		Површина во m2	Процент %
намена	шифра		
Е1-Комунална инфраструктура (Пат)	Е1	73098m2	25.3%
Е2-Комунална супраструктура	Е2	110299m2	38.2%
Д2-Заштитно зеленило	Д2	105657m2	36.6%
Вкупно:		**289054m2**	**100.0%**

ознака на парцела на градба		намена	нето висина	Бетонот	Р+n(+2) подземна етажност	Р+n(+2) надземна етажност за градба	Бруто Р+n(+2) надземна етажност	Процент на изграденост на парцелата на градба	Коефициент на искористеност на парцелата на градба
1.81	Е2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 1	200,0m	-	23205m2	8013m2	8013m2	-	-
1.82	Е2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 2	200,0m	-	17793m2	9829m2	9829m2	-	-
1.83	Е2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 3	200,0m	-	24311m2	9583m2	9583m2	-	-
1.84	Е2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 4	200,0m	-	22152m2	7023m2	7023m2	-	-
1.85	Е2	ВЕТЕРЕН СТОЛБ 5	200,0m	-	22799m2	7092m2	7092m2	-	-
-	Е1	ПАТ	-	-	73098m2	73098m2	73098m2	-	-
-	Д2	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	-	-	105657m2	-	-	-	-
ВКУПНО:					**289054m2**	**114638m2**	**114638m2**	**40%**	**0.40**

URBAN
АРХИВСКА БР. 0000

ПЛАН НА ПОВРЕМЕНИ ЗА ГРАДЕЊЕ
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

2

ТЕХ.БР. 0901-598/31

М 1:2500

ГЕАНЕРИС
БОЈАН МУЧИКОВСКИ д.о.о. бр. на л.0.0070
ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС: ЕЗ бр. на л.0.0608
ЛИЛИЈА МИЛКОВА м.а.е.е.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЧИКОВСКИ 02.2022

ИНВЕСТИТОР: ПВЕ ЕВРОПИ ДООЕЛ ГЕВГЕЛИЈА

ОПШТИНА БОГДАНЦИ



ПРОФИЛ НА ПРИСТАПЕН ПАТ



Presek A-A

ПРОФИЛ НА ПРИСТАПЕН ПАТ СО ПРОШИРУВАЊЕ ЗА РАЗМИНУВАЊЕ



Presek B-B

ПРОФИЛ НА ПРИСТАПЕН ПАТ СО ПРОШИРУВАЊЕ ПРИ ОВРТУВАЊЕ СО ПРИКОЛКИ ЗА ВЕТЕРНИ ТУРБИНИ

Presek B-B

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА. ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 38.90ха
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА ПРЕДХОДНО ОДОБРЕН ПР
ПАРЦЕЛИ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ
ПАРЦЕЛИ ЗА ОДЗЕМЕЊАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИ ОСОБИНИ НА ПАТ
1.B1 ОЗНАКА НА ТИП НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
KO Bogdanci ВИДИВ НА ОБЈЕКТИ
Д1 ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА ОГРАНИЧЕНА СО ГРАД, ВИНИЦА
1000 MNM ВИСИНСКА КОТА НА ПОЗИТИВ И ОДЗЕМ МЈЕРЕЊЕ НАМЕНА НА ЗЕМЈАТА
Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ПРИСТАПЕН ПАТ)
Е2 Е2 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ)
Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
ДЗ ДЗ - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
ПАТ ПАТ

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:
ЕЛЕКТРИЧНА ПОСТОЈНА
ЕЛЕКТРИЧНА ПЛАНИРАНА АНАЕОЗНА ВОЗДЕН ТОД 20кВ
ЕЛЕКТРИЧНА ПОСТОЈНА НАДЗЕМНАЕ ВОДЕЗ ПОСТАНУВА ПОДЗЕМЕН ВОДЕЗ ПОСТОЈНА
ВОДЕЗ ПОСТОЈНА
ТОЧКА ПОЗИЦИЈА НА БЕТОНСКИ СТОЛБ
ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ПОДЗЕМЕН НАДЗЕМЕН ДАЛЕКОВОД (ЕВН)
ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ВЕТЕРНИ ТУРБИНИ

УРБАН ДИЗАЈН URBAN DESIGN
АРХИТЕКТУРА БУР. 0000

СООБРАЌАЈЕН, ИНЖЕЊЕРСКИ И ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРЕТХОДНО ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК, ПРИСТАПЕН ПАТ, ДАЛЕКОВОД И ТРАФОСТАНИЦА, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

3

ТЕХ.БР.: 0901-098/21 М 1:2500

